**20160651914**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Врз основа на член 39 став (9) од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15), министерот за внатрешни работи донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СТОРИТЕЛИТЕ НА ПРЕКРШОК И ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ ГЛОБИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК ОД СТРАНА НА ПРЕКРШОЧНИТЕ КОМИСИИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и начинот на водењето на евиденцијата за сторителите на прекршок и за изречените глоби за сторениот прекршок од страна на прекршочните комисии во Министерството за внатрешни работи.

Член 2

(1) Евиденцијата од член 1 од овој правилник содржи шест рубрики:

- реден број на уписот;
- податоци за сторителот на прекршокот (име и презиме, матичен број на граѓанинот на физичкото лице односно назив и единствен даночен број на правното лице);
- адреса на живеење за физичкото лице односно седиште на правното лице;
- датум на сторување на прекршокот;
- назив на сторениот прекршок и закон во кој истиот е предвиден и
- износот на изречената глоба за сторениот прекршок од страна на прекршочните комисии во Министерството за внатрешни работи.

Член 3

(1) Евиденцијата од член 1 од овој правилник се води:

- хартиено, во укоричена книга (азбучник) со страници со големина А4 формат, на кои се означени буквите од азбуката или
- електронски .

(2) Образецот за евиденцијата од ставот (1) на овој член што се води за физички лица е даден во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

(3) Образецот за евиденцијата од ставот (1) на овој член што се води за правни лица е даден во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 1311-20000/1
29 март 2016 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.

Прилог бр.1

**ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СТОРИТЕЛИТЕ НА ПРЕКРШОК И ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ ГЛОБИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК ОД СТРАНА НА ПРЕКРШОЧНИТЕ КОМИСИИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ (ФИЗИЧКИ ЛИЦА)**

| Реден број | Име, презиме и матичен број на граѓанинот | Адреса на живеење | Датум на сторување на прекршокот | Назив на сторен прекршок и закон во кој е предвиден прекршокот | Износот на изречената глоба |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

Прилог бр. 2

**ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СТОРИТЕЛИТЕ НА ПРЕКРШОК И ЗА ИЗРЕЧЕНИТЕ ГЛОБИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК ОД СТРАНА НА ПРЕКРШОЧНИТЕ КОМИСИИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ (ПРАВНИ ЛИЦА)**

| Реден број | Назив и единствен даночен број | Седиште | Датум на сторување на прекршокот | Назив на сторен прекршок и закон во кој е предвиден прекршокот | Износот на изреченат а глоба |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |